ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

# ЗАПИСНИК И ЗАКЛУЧОЦИ ОД КОЛЕГИУМ

Колегиумот е одржан на ден **12.11.2018 година** во 09:00 часот во кабинетот на Градоначалникот.

**Присутни:** Градоначалникот на Општината **Борјанчо Мицевски**, Секретарот на Општината **Љубомир Младенов**, Раководител на Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија **Душко Арсовски**, претставник од Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина **Иван Велиновски** – Советник за урбанистичко планирање, Раководител на Одделение за финансиски прашања **Драгица Митровска**, Раководител на Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура **Никола Граматиков**, Раководител на Одделение за човечки ресурси **Игор Додевски**, Раководител на Одделение за правни и општи работи **Јаготка Николовска**, Раководител на Одделение за инспекциски надзор **Бранко Велиновски**, Советник за правни работи и застапување **Мартин Николовски**, Виш соработник за постапки за јавни набавки и работи на совет **Биљана Тасевска**, Директор на ЈП Комуналец **Миле Марковски** и Директор на ЛУ Градски Музеј **Драган Величковски**.

**Дневен ред:**

- **Разгледување на реализација на тековни задолженија**
- **Дискусија и Насоки за реализација на задолженија**
- **Разно**

## ЗАДОЛЖЕНИЈА И ЗАКЛУЧОЦИ

### <u>Градоначалник</u>

Дадено е задолжение до Секретарот на Општината и Одделението за правни и општи работи да се испита целокупната состојба со поранешниот пензионерски дом во Крива Паланка, од аспект на сопственоста, корисничките права, надлежностите за стопанисување со истиот, моменталната состојба и функционалноста на истиот и слично.

Дадено е задолжение до Одделението за изградба и одржување на комунална инфраструктура, во програмата за комунална инфраструктура за 2019 година да се предвиди проектирање на две потпорни стени на ул.„Баглачка“ и ул.„Никола Тесла“ (кај Раде Коска), со цел истите да бидат програмски вградени, оправдани и изградени во текот на наредната календарска година.

Дадено е задолжение до Одделението за изградба и одржување на комунална инфраструктура за поставување на еластична ограда (банкина) на неколку локации со изразито остри кривински делови на патниот правец кон локалитетот Калин Камен.

Дадено е задолжение до ЈП Комуналец Крива Паланка за тековно и постојано наводнување и одржување на тревната површина на игралиштето на Градскиот стадион во Крива Паланка.

Дадено е задолжение до ЈП Комуналец Крива Паланка за редовно доставување на месечни извештаи за генерирани приходи по однос на користење на спортскиот комплекс од спортски колективи, правни и физички лица.

Дадено е задолжение до ЈП Комуналец Крива Паланка за тековно и редовно доставување на месечни извештаи за реализирани нови приклучоци за водовод и канализација за домаќинства или деловни субјекти.

Дадено е задолжение до Одделението за изградба и одржување на комунална инфраструктура и ЈП Комуналец Крива Паланка за интервентно разбивање на карпа со употреба на хилта на дел од улица 11-ти Октомври (м.в.кај Бранко Пучо).

Дадена е информација до ЈП Комуналец Крива Паланка за обезбедено возило марка Форд Транзит, кое што е донација од Агенцијата за управување со одземен имот, а во функција на Општината и Јавното претпријатие.

---

**<u>Секретар</u>**

Информација во врска со потребата од подобрување на материјалното и архивско работење на општината, преку соодветно и навремено архивирање и лачење на актите, но и спроведување на соодветна обука на горенаведената тема.

Информација во врска со други тековни активности и процеси.

---

**<u>Одделение за финансиски прашања</u>**

Информација во врска со успешно решавање на настанатиот проблем со ФЗО и здравственото осигурување на вработените во општината.

Информација во врска со исплатени плати на вработените во ТППЕ Крива Паланка и лицата ангажирани преку проектот „Цело е кога има се“.

Информација за исчитан ребаланс на буџетот и финансиските планови од страна на Министерството за финансии.

Информација во врска со тековна исплата по фактури и други итни и неодложни обврски.

Информација во врска со подготвено и поднесено барање за комуникација помеѓу буџетската сметка и сметката за донации на општината.

Информација во врска со активностите за подготовка на соодветни материјали за седницата на Советот на ден 12.11.2018 година.

Информација во врска со добивањето на зголемена блок дотација за исплата на плати и други надоместоци на вработените во ТППЕ Крива Паланка, која што веќе е реализирана како таква.

Информација во врска со други тековни активности на ниво на ова одделение.

---

**<u>Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура</u>**

Информација во врска со тековните активности за асфалтирање на улици и делови од улици, динамиката и ефектот на реализација на самите активности, со посебен акцент на пристапот до

Градскиот стадион, улицата „Лисец“ и делови од улиците „Прохор Пчински“, „Ратко Минев“ и „8-ми Октомври“.

Информација во врска со тековните активности за прочистување и санација на неколку патни правци кои ја поврзуваат Крива Паланка со повеќе околни села, со посебен акцент на с.Дрење, с.Добровница и с.Кркља.

Информација во врска со активностите за изградба на патот до школото во с.Трново, со истакнување на потребата од подготовка и донесување на соодветна документација за измени во тек на изградба, која што да биде завршена во текот на денешниот ден.

**Задолжение за интервентно асфалтирање на делови во нас.Белево (кај браната) и на ул.„8-ми Октомври“ на 3 (три) локации (не е реферирано по однос на ова задолжение од претходниот колегиум).**

Информација во врска со планот и активностите на КООП Инженеринг за крпење на ударни дупки на повеќе селски патни правци, како и санација на калдрмата до м.в.Ловачки и крпење на ударни дупки во м.в.Дреначка Маала.

Информација во врска со тековни активности за подготовка на основен и инфраструктурен проект за Станачките Водопади, како и за пробивање на алтернативен патен правец кон с.Станци, со кој би се одбегнало постоечкото свлечиште.

Дадено е задолжение за изработка на **проектно фише** за проектот Висока зона – Домачки Дол, **најдоцна до 14.11.2018 година**.

Истакната е потребата од подготовка и донесување на соодветна документација за измени во тек на градба, а во врска со изградбата на пешачко рекреативната патека Висока Зона (м.в.Стара Вада).

Информација за други тековни активности на ниво на ова одделение.

---

**Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина**

Информација во врска со изготвени одбивателни решенија по повод поднесени барања за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти и потребата од брза и експедитивна достава на истите.

Информација во врска со доставени забелешки до пректантот, а во врска со подготовката на сообраќаен проект.

Информација во врска со утврдени локации за поставување на соодветни такси стојалишта.

Информација во врска со изработена ажурирана подлога на ДУП за урбанистички блок 4А.

Информација во врска со доставено барање од Македонско Еколошко Друштво – МЕД за добивање на соодветни податоци за постоечки каптажи во водоснабдителниот систем, кои да бидат доставени во текот на денешниот ден (**во соработка со ЈП Комуналец Крива Паланка**).

Информација во врска со одржан состанок со проектантите заради отстранување на тековни пречки и недостатоци во инфраструктурниот проект за гасификација.

Задолжение за подготовка и доставување на соодветен писмен допис до Центарот за развој на СИПР во кој да се нотираат определени состојби со дефицит на определени елементи од инвентарот во Салата за промоција на туризмот во 3Д и навремено надминување на истите.

Информација во врска со закажан состанок со проектантите за изработка на проект за надградба на детската градинка и предвидена посета на објектите заради добивање на целосна и прецизна слика (на ден 12.11.2018 година).

Задолжение за утврдување на точни локации со соодветни катастарски парцели предвидени за пренамена од земјоделско во градежно земјиште, со акцент за средување на целокупната

документација за локацијата на Калин Камен предвидена за изградба на хотелски комплекс и локацијата до АД „Треска", кои да бидат јавно објавени за продажба на заинтересирани субјекти.

Предлог за спроведување на соодветно истражување во с.Метоф, дефинирано како трустно подрачје, од каде што се генерирани повеќе барања за легализација на бесправно изградени објекти и изнаоѓање на соодветно решение за настанатата состојба.

Информација во врска со другите тековни активности на ниво на ова одделение.

---

**<u>Одделение за човечки ресурси</u>**

Информација во врска со објавен јавен оглас за вработување на административни службеници во Општина Крива Паланка.

Информација во врска со објавен јавен оглас за вработување во ТППЕ Крива Паланка.

Информација во врска со тековните активности за внес и пондерирање на оценките на административните службеници.

Информација во врска со измена на правилникот за систематизација на работните места во Општина Крива Палнака и добиената согласност на истата од страна на МИОА.

Информација во врска со другите тековни активности на ниво на ова одделение.

---

**<u>Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија</u>**

Информација во врска со финалните активности за сумирање и анализа на добиени предлози за културни манифестации и настани, а во контекст на подготовката на Програмата за култура за 2019 година.

Информација за други тековни активности на ниво на ова одделение.

---

**<u>Одделение за правни и општи работи</u>**

Информација во врска со подготовката на материјали за седница на Совет на ден 12.11.2018 година.

Информација во врска со тековни и завршени постапки за јавни набавки.

Дадено е задолжение за објавување на јавна набавка за новогодишно украсување (**најдоцна до крајот на работната недела**).

Информација во врска со постапката за утврдување на пазарната вредност на објекти во сопственост на општината и објава на јавен оглас за нивно давање под закуп на деловни субјекти или физички лица.

Информација во врска со тековните активности на ниво на ова одделение.

---

**<u>Одделение за инспекциски надзор</u>**

Информација во врска со спроведени 19 (деветнаесет) увиди на лице место од страна на инспекциските служби во текот на изминатата работна недела, а во врска со претходно поднесени барања од граѓаните.

Информација во врска со динамиката на достава на решенија за даноци на имот на подрачјето на с.Конопница и с.Мождивњак од страна на комуналните редари.

Информација во врска со активностите за чистење на цевчести пропусти под магистралниот пат, која што активност ја реализираат ангажираните општи работници.

Информација во врска со одржаната координација на ден 07.11.2018 година, а заради утврдување на термин и задолженија за реализација на еколошки акции за чистење на јавни површини, кои да бидат инкорпорирани во годишната програма за управување со отпад за 2019 година.

Информација за други тековни активности на ниво на ова одделение.

---

**<u>ЈП Комуналец</u>**

Информација во врска со дефекти на возниот парк, дефекти во водоснабдителниот систем и слично.

Дадени се определени сугестии кои да бидат инкорпорирани во програмата за чистење на речното корито и програмата за озеленување на јавни површини за 2019 година.

Дадено е задолжение, најдоцна до 20.11.2018 година да се дефинира предлог за потребна опрема за уредување на зелениот пазар со што би се аплицирало на повикот преку МСИП.

Информација во врска со други тековни активности на ниво на ова претпријатие.

---

**<u>ЛУ Градски Музеј</u>**

Информација во врска со остварен состанок во Кинескиот културен центар, со акцент за дефинирање на концепт, потенцијални области и начини за соработка.

Информација во врска со потенцијални проектни апликации и разгледување на насоките за аплицирање со проекти во различни проектни области.

Барање за исплата на откупната цена за авторско творештво кон сите автори чии дела се откупени од страна на општината и ЛУ Градски Музеј Крива Паланка (до крајот на оваа недела).

Информација во врска со претстојна изложба во галериите на ЛУ Градски Музеј Крива Паланка, која што ќе биде реализирана најдоцна до крајот на оваа работна недела.

Информација во врска со активностите за подготовка на проектни апликации до Министерството за култура, кои се подготвени како такви и истите ќе бидат доставени до Министерството, најдоцна до 13.11.2018 година.

Информација во врска со направен цип за каталогизација и добивање на каталошки број на каталогот „Шопска софра“.

Предлог за дефинирање на приоритети за подготовка на техничка документација за проектни апликации и нивна распределба до соодветните одделенија заради нивна интеграција во соодветните годишни програми.

Информација во врска со активностите за подготовка на Програмата за култура за 2019 година.

Информација во врска со други тековни активности.

---

**Изготвил:**
**Мартин Николовски – Советник за правни работи и застапување**
**12.11.2018 година, Крива Паланка**